# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** | **01. 04 .2016 година**
**Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** | **Број 3 – 2016 год.**

АПРИЛ 2016

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
# За отстапување на Градски пазар на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Македонски Брод го отстапува одржувањето и користењето на Градскиот пазар во Македонски Брод на Јавното комунално Претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод.

**Член 2**

Се задолжува Јавното комунално Претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод да ги преземе сите активности неопходни за спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18-314/3**
**28.03.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за отстапување на Градски пазар на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А ТА за отстапување на Градски пазар на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.) по доставено барање од ЕМРЕ-Лтд –Анкара Турција бе.18-334 од 28.03.2016 година ,Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 март 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дооформување на плац за изградба на фотоволтаична централа**

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 март 2016 година донесе одлука со која во целост го прифати барањето поднесено од ЕМРЕ-ЛТД –Анкара Турција бр.18-334 од 28.03.2016 година .

2. Советот на Општина Македонски Брод дава согласност со оваа одлука да се изврши дооформување и проширување со дополнителни 200 хектари земјиште на кои исто така би се изградила фотоволтаична централа од 100MW.

3.Општина Македонски Брод се обврзува да изврши урбанизација на земјиштето.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.18- 314/4
28.03.2016 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за дооформување на плац за изградба на фотоволтаична централа**

Се прогласува **О Д Л У К А Т А за дооформување на плац за изградба на фотоволтаична централа,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
# За отстапување на градските гробишта
# ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Македонски Брод го отстапува одржувањето и користењето на градските гробишта во Македонски Брод на Јавното комунално Претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод.

**Член 2**

Се задолжува Јавното комунално Претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод да ги преземе сите активности неопходни за спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување ,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18-314/5**
**28.03.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за отстапување на градските гробишта ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за отстапување на градските гробишта ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локанална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 44 Статутот на општина Македонски Брод Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.март 2016 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За превземање на дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Член 1

Со оваа одлука, Советот на општина Македонски Брод одлучи да се изврши превземање на дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод.

Член 2

Советот на општина Македонски Брод одлучи да се изврши превземање на 3 (тројца) вработени во постојан работен однос во ЈП Водовод и канализација Македонски Брод во ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македоснки Брод”.

Бр.18-314/6
28.03.2016 год.

Совет на општина Македонски Брод
Претседател
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на ОДЛУКА за превземање на дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува **ОДЛУКАТА за превземање на дел од вработените од ЈП Водовод и канализација Македонски Брод за потребите на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За превземање на права и обврски од ЈП Водовод и Канализација со отстапување на градските гробишта на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Македонски Брод го отстапува одржувањето и користењето на градските гробишта во Македонски Брод на Јавното комунално Претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод.

**Член 2**

Се задолжува Јавното комунално Претпријатие Комунална хигиена Македонски Брод да ги преземе сите права и обврски по однос на користењето и одржувањето на градските гробишта за сите досегашни корисници и потпишани договори во ЈП Водовод и канализација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18-314/ 6/1**
**28.03.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за превземање на права и обврски од ЈП Водовод и Канализација со отстапување на градските гробишта на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А за превземање на права и обврски од ЈП Водовод и Канализација со отстапување на градските гробишта на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 52 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 март 2016 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За утврдување на потреба од изработка на урбанистичка планска документација-Проект за инфраструктура за концесионо поле - „Огледалец“ општина Македонски Брод**

1.Се утврдува потреба од изработка на урбанистичка планска документација -Проект за инфраструктура за концесионо поле-„Огледалец“ Општина Македонски Брод за изградба сообраjќаен приклучок на регионален пат Р-1106 Македонски Брод-Скопје и изградба на некатегоризиран пристапен пат до концесионо поле за експлоатација на минерални суровини -варовник на КП бр.19 запишана во Имотен лист бр.14 за КО Суви дол, за потребите на ДПГУ„ЕУРО ЈАНИ КОП“-ДОО од Македонски Брод.

2.ДПГУ„ЕУРО ЈАНИ КОП“-ДОО од Македонски Брод да изработи урбанистичка планска документација -Проект за инфраструктура за концесионо поле-„Огледалец“ Општина Македонски Брод за изградба на сообраjќаен приклучок на регионален пат Р 1106 Македонски Брод-Скопје и изградба на некатегоризиран пристапен пат до концесионо поле.

3.Трошоците во постапката да ги сноси барателот.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.18- 314/7
28 03.2016 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на урбанистичка планскадокументација-Проект за инфраструктура за концесионо поле - „Огледалец“ општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба од изработка на урбанистичка планска документација-Проект за инфраструктура за концесионо поле - „Огледалец“ општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.) по поднесено барање од ДПГУ„Еуро Јани КОП ‚ДОО Македонски Брод 18-294/2 од 22.03.2016г, Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 март 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на времена депонија за складирање на тампонски материјал**

1.Советот на општина Македонски Брод даде согласност за користење на времена депонија за складирање на тампонски материјал на КП бр.6 за КО Суви дол.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.18- 314/8
28.03.2016 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за одобрување на времена депонија за складирање на тампонски материјал**

Се прогласува **О Д Л У К А Т А за одобрување на времена депонија за складирање на тампонски материјал** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 точка 4, 24 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15) и Статутот на општина Македоснки Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на 28.03.2016 година, донесе

## О Д Л У К А

**За усвојување на физибилити студијата за ЈПП за финансирање, проектирање,изградба управување и одржување на мала хидро електрична централа**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28 март 2016 година ја усвои физибилити студија за мала хидро централа на Реката Треска кај Драгов Дол.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македоски Брод„

**Бр. 18- 314/9** **Совет на општина Македонски Брод**

**28.03 2016 година** **Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на О Д Л У К А за усвојување на физибилити студијата за ЈПП за финансирање, проектирање, изградба управување и одржување на мала хидро електрична централа**

Се прогласува **О Д Л У К А за усвојување на физибилити студијата за ЈПП за финансирање, проектирање,изградба управување и одржување на мала хидро електрична централа,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член  22, став 1 точка 4, 24 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15) и Статутот на општина Македоснки Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на 28 март 2016 година, донесе

# О Д Л У К А

За започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проектизградба на мала хидроелектрична централа "ДРАГОВ ДОЛ" на река Треска

**Член 1**

***воведен дел,***

На брегот на река Треска во КО Драгов Дол постои адекватна локација за изградба на МХЕЦ "ДРАГОВ ДОЛ". Со реализацијата на потфатот не се нарушува нормалниот тек на река Треска. За изградба на МХЕЦ"ДРАГОВ ДОЛ", приватниот партнер ќе треба да изгради канал, мини брана и рибина стаза.

**Член 2**

***предмет на договорот***

Предмет на договорот за ЈПП е реализација на потфат, изградба на МХЕЦ "ДРАГОВ ДОЛ", на река Треска

**Член 3**

***образложение за оправданоста за доделување на договор за ЈПП***

Општина Македонски Брод не е во состојба да го финансира овој проект. Во колку со евентуален понудувач се склучи договор за реализација на проектот по модел на ЈПП, ЈП нема да има никакви инвестициски трошоци ниту трошоци на работење на МХЕЦ по нејзиното пуштање во работа, но ќе добивадел од приходот остварен со реализација на произведената електрична енергија.

**Член 4**

***назначување на целите,***

Целите се следниве:- да се искористи капацитетот на реката,- ЈП да остварува одреден приход,- да се подобри енергетската избалансираниост на електричната мрежа во овој крај,- да се даде доприност во производството на енергија од обновлив извор,- да се намали, иако скромно, зависноста на Р. Македонија од увоз на електрична енергија,

**Член 5**

***предмет на постапката,***

Предмет на постапката е и давање на долгогодишно користење на земјиште на приватен партнер од страна на за да може да изгради МХЕЦ "ДРАГОВ ДОЛ".

**Член 6**

***видот на постапка,***

Јавниот повик за избор на приватен партнер ќе се спроведе со отворена постапка на која ќе се избере најповолен понудувач согласно критериумите од оваа одлука.

**Член 7**

***начин и рок за спроведување на постапката,***

Општина Македонски Брод согласно Закон ќе донесе заклучок за донесување одлука за спроведување на постапка. По што, комисијата за спроведување на постапка ќе објави јавен повик кој ќе трае најмалку 30 дена од денот на објавување во “Сл. весник на Р.М.“ согласно член 30 од Законот за концесии и ЈПП.

**Член 8**

***основни услови***

Условите за реализација на потфатот ќе бидат прецизно наведни во Јавниот повик и договорот за ЈПП, а основни услови се:- рок за изградба на МХЕЦ “ДРАГОВ ДОЛ“, е 3 години од денот на склучување на договоротза ЈПП,- Времетраење на договорот е 35 години од денот на склучување на договорот за ЈПП,
- вкупните инвестициски трошоци за реализација на проектот се обврска на приватниот партнер,- одржувањето, раководењето и управувањето на МХЕЦ “ДРАГОВ ДОЛ“, се обврска на приватниот партнер,- новоизградените објекти и опремата на хидроцентралата се во сопственост на приватниотпартнер,- обврска на приватниот партнер е да овозможи нормално функционирање на водотекот нибиолошкиот минимум на река Треска на просторот и околу МХЕЦ “ДРАГОВ ДОЛ“

**Член 9**

***висина на надоместокот за издавање на тендерската документација,***

Јавното претпријатие на заинтересираните кандидати на јавниот повик ќе им издаде тендерската документација заедно со фисибилити студија за што кандидатите ќе треба да уплатат на сметката ОпштинаМакедонски Брод од 10.000,оо ден.

**Член 10**

**критериум за избор на приватен партнер**

Изборот на приватен партнер ќе се обави преку избор на најповолна понуда од понудувачите кои ќе се класифицираат како успешни понудувачи, односно кои ги исполнуваат критериумите на јавниот повик. Основени критериуми за избор ќе бидат понудениот највисок процент од приходот на приватниот партнеростварен со продажба на електричната енергија произведена во МХЕЦ “ДРАГОВ ДОЛ“, во корист на јавнотопартнер.

**Член 11**

**завршна одредба**

Одлуката стапува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Сл.Гласник на Општина Македонски Брод..“

**Бр. 18-314/10** **Совет на општина Македонски Брод**

**28 март 2016 година**

**Претседател**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа "ДРАГОВ ДОЛ" на река Треска**

Се прогласува **О Д Л У К АТА за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа "ДРАГОВ ДОЛ" на река Треска** што ја донесе Советот на општинаМакедонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година по доставено барање од страна на ООУ,,Св.Климент Охридски,, -Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Св.Климент Охридски,,**

**Македонски Брод**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2015/16 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.19-2250/1 од 05.03.2013година донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на еднодневна екскурзија на учениците од III одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-314/11** **Совет на општина Македонски Брод**

**28.03.2016 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година по доставено барање од страна на ООУ,,Св.Климент Охридски,, -Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Св.Климент Охридски,,**

**Македонски Брод**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2015/16 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.19-2250/1 од 05.03.2013година донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ а врз основа на чл.34. ст.4. од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на дводневна екскурзија на учениците од VI одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-314/11-1** — **Совет на општина Македонски Брод**

**28.03.2016 година** — **П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година по доставено барање од страна на ООУ,,Св.Климент Охридски,, -Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Св.Климент Охридски,,**

**Македонски Брод**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2015/16 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.19-2250/1 од 05.03.2013 година донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за Програмата за реализација на тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од деветто одделение.

**Бр.18-314/11-2** **Совет на општина Македонски Брод**

**28.03.2016 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година по доставено барање од страна на ООУ„Св.Климент Охридски„ -Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на програма за учениците од VI, VII, VIII и IX одделение ООУ„Св.Климент Охридски„Македонски Брод да изведат седумдневна ученичка слободна активност во летниот период**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година врз основа на Правилникот за начинот на изведување на слободните активности на учениците од основните училишта од член 34 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10 и 116/10) донесен од министерството за образование и наука и врз основа на Годишната програма на ООУ „Св. Климент Охридски“ од Македонски Брод, истото училиште подготвува програма за изведување на слободни ученички активности во летниот период или летување., Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за реализација на програмата за учениците од VI, VII, VIII и IX одделение да изведат седумдневна ученичка слободна активност во летниот период.

**Бр.18-314/11-3**

**28.03.2016 година**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година донесе

# О Д Л У К А

**За изградба на мини игралиште во кругот на училишниот двор на ПУ во село Суви Дол**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за изградба на мини игралиште во кругот на училишниот двор на ПУ во село Суви дол.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината со јавна набавка согласно законот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18- 314/12**
**28.03.2016 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за изградба на мини игралиште во кругот на училишниот двор на ПУ во село Суви Дол**

Се прогласува **Одлуката за изградба на мини игралиште во кругот на училишниот двор на ПУ во село Суви Дол**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.03.2016 година.

**Бр.08- 314 /24**
**01.04.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

